# *Универзитетски гласник*

*Издавач*
**Универзитет„Св. КирилиМетодиј“- Скопје**

*Уредник*
*на издавачката дејност на УКИМ*
**проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор**

*Уредник*
*наУниверзитетскигласник*
**м-р Марија Маневска, генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничкоуредување*
**Зоран Кордоски**
**м-р Елизабета Додевска**

## ПРАВИЛНИК
## за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и единиците во неговиот состав согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19

Врз основа на член 208, став 1, точка 19 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425 од 28.6.2019), член 27 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 417/2019), како и согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија, за заштита на населението од ширење на болеста CoVid-19, Ректорската управа, на вонредната седница одржана на 24.3.2020 година, го донесе следниов

**П Р А В И Л Н И К**
**за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и единиците во неговиот состав согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19**

**Предмет на уредување**

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и единиците во неговиот состав согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот CoVid-19.

Мерки на надлежните органи во Република Северна Македонија, согласно со овој Правилник, се вонредна и кризна состојба, како и други мерки за заштита на населението од ширење на болеста CoVid-19 (во натамошниот текст: мерки).

**Настава**
**Член 2**

Согласно со член 25 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии), како и на интегрираните студии од прв и втор циклус на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставата се состои од:

- предавања, вежби и консултации;
- семинарски работи, домашни задачи, проекти, практика, теренска настава, клиничка настава, курсеви и сл.

Предавањата на единиците во состав на Универзитетот продолжуваат да се одвиваат со примена на средства за електронска комуникација, за што одлука донесува единицата.

Другите активности кои ја сочинуваат наставата се одвиваат со примена на средства за електронска комуникација, доколку тоа го дозволува природата на тој вид настава, за што одлука донесува единицата.

**Средства за електронска комуникација**
**Член 3**

Средства за електронска комуникација, во смисла на овој Правилник, се средства кои обезбедуваат двонасочна комуникација при реализација на активности од дејностите на Универзитетот и единиците без заедничко физичко присуство на учесниците во активноста.

Средства за електронска комуникација можат да бидат видеоконференциски платформи, електронска пошта и други системи за електронска размена на податоци.

За употреба на видот на средствата за електронска комуникација од став 2 на овој член, одлука донесува единицата.

**Проверка на знаењата**
**Член 4**

Полагањето на испитите и колоквиумите ќе се врши со примена на средства за електронска комуникација под услов да се обезбедени соодветни технички решенија кои обезбедуваат идентификација и контрола на работата на студентите за време на полагањето.

Одлука за исполнетоста на условите од став 1 на овој член донесува единицата.

Ако не се исполнети условите од став 1 на овој член, испитите и колоквиумите ќе се реализираат кога ќе се

создадат услови за тоа, за што одлука донесува единицата.

**Предмет на оценување**
**Член 5**

Согласно со член 40 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии), предмет на оценување во рамките на предметната програма можат да бидат:

- вежби/практична работа/теренска настава;
- семинарска работа;
- домашна работа;
- проекти;
- курсеви;
- есеи;
- уметнички настапи, уметничка наставна продукција и сл.;
- други активности предвидени со предметната програма.

Оценувањето се спроведува со примена на средства за електронска комуникација, доколку тоа го дозволува природата на тој вид оценување, за што одлука донесува единицата.

**Изработка на дипломска работа и магистерски и докторски труд**
**Член 6**

Со одлука на единицата, роковите за изработка и поднесување на дипломска работа, како и магистерски и докторски труд, се запираат и не течат додека траат мерките.

**Одбрана на дипломска работа и магистерски труд**
**Член 7**

Одбраната на дипломска работа и магистерски труд може да се врши делумно или во целост и со примена на видеоконференциска платформа.

На барање на студентот, единицата може да дозволи одбраната на дипломска работа и магистерски труд да се одложи до создавање на услови
за нивно нормално одвивање.

Крајниот рок за започнатите постапки за одбрана на дипломска работа и магистерски труд пред воведувањето на мерките, се продолжува за време утврдено со одлука на единицата.

**Докторски студии**
**Член 8**

Согласно со член 28 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот, студиските програми се состојат од:

- организирана академска обука;
- независен истражувачки проект под менторство (докторски проект);
- меѓународна мобилност, најмалку еднонеделен престој;
- предавања и друг вид комуникациски активности;
- објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд;
- изработка и јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект;
- други обврски предвидени со студиската програма.

Предавањата, семинарите и другите обврски од став 1 на овој член, освен конференции, меѓународна мобилност и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд, се реализираат со примена на средствата за електронска комуникација од член 3 од овој Правилник.

Проверката на знаењата преку испити не може да се спроведува со примена на средствата за електронска комуникација и таа ќе се спроведе кога ќе се создадат услови за тоа.

По исклучок, проверката на знаењата од став 3 на овој член може да се спроведува со средствата за електронска комуникација доколку од страна на единицата се применат технички решенија кои обезбедуваат контрола врз работата на студентот и може да се утврди негова идентификација, за што одлука донесува единицата.

Одбраната на докторски труд може да се врши делумно или во целост со примена на видеоконференциски платформи.

На барање на студентот, единицата може да дозволи одбраната на

докторски труд да се одложи до создавање на услови за нејзино нормално одвивање.

Крајниот рок за започнатите постапки за одбрана на докторски труд пред воведувањето на мерките, се продолжува за време утврдено со одлука на единицата.

**Одржување седници на органите на Универзитетот и на единиците**
**Член 9**

Седниците на органите на Универзитетот и на единиците ќе се одржуваат со примена на средствата за електронска комуникација од член 3 од овој Правилник.

На седниците од став 1 на овој член не може да се гласа за точки за кои е предвидено тајно гласање, освен доколку со средствата за електронска комуникација може да се применат стандардизирани/авторизирани технички решенија кои обезбедуваат контрола на тајноста и на точноста на резултатите од гласањето, за што одлука донесува органот кој треба да одлучува на седницата.

**Работа на домашни и во меѓународни проекти**
**Член 10**

Работата на домашни и во меѓународни проекти може да се врши доколку таа не е во спротивност со мерките.

Доколку видот на работата го дозволува тоа, таа може да се одвива со примена на средствата за електронска комуникација од член 3 од овој Правилник, за што одлука донесува единицата.

**Издавање на Билтенот на Универзитетот**
**Член 11**

Лекторирањето на материјалите за Билтенот ќе се врши на следниов начин:

- На е-адресата lektura@ukim.edu.mk се доставуваат:
  - текстот на рефератот/рецензијата и сл. во Word-формат;
  - скенирани (во PDF-формат) барањето за јазична корекција и оригиналниот реферат/рецензија со оригиналните потписи на сите членови на соодветните комисии, односно да биде потпишан/потпишана од овластени потписници согласно со актите на Универзитетот.
- Лекторираниот материјал во Word-формат ќе биде испратен на:
  - е-адресата од која е доставен за лекторирање;
  - е-адресата bilten@ukim.edu.mk за објавување во Билтенот на Универзитетот, согласно со досегашната практика.

Изјаснувањето за рефератот/рецензијата и сл. од став 1 на овој член може да се даде со електронски потпис или по електронска пошта на начин од кој со сигурност може да се утврди дека лицето го видело документот.

Одредбата од став 2 на овој член соодветно се применува и за приговорите и сл.

**Издавање на дипломи и додатоци на дипломи и одржување промоции**
**Член12**

Се одложува постапката за издавање дипломи и додатоци на дипломи на студентите до повлекување на мерките, освен за дипломи и додатоци на дипломи од итен карактер.

Промоциите на дипломираните студенти нема да се одржуваат.

**Административни работи за потребите на студентите и на граѓаните**
**Член 13**

Единиците треба да го приспособат своето работење и да овозможат електронско пријавување на испити, регулирање на семестри, поднесување и одговарање на барања, молби и сл., издавање потврди и други услуги за потребите на студентите и граѓаните.

**Електронска комуникација**
**Член 14**

Универзитетот и единиците, на своите интернет-страници, јасно и со сите детали треба да ги објават електронските механизми (адресите на сандачињата за е-пошта и/или други начини) преку кои ќе се врши комуникацијата, како и приемот и издавањето на документацијата на студентите и на другите граѓани.

Документацијата која ја издаваат Универзитетот и единицата се препорачува да биде потпишана електронски или во

материјална форма и скенирана да биде вратена на барателот. Оригинал се издава доколку издадениот документ барателот треба да го приложи во друга институција, а институцијата го бара тоа.

**Работа на стручните и административни служби**
**Член15**

Вработените во стручните и административни служби на Универзитетот и на единиците, по правило, ќе работат од дома.

Работните задолженија треба да се извршуваат со највисок квалитет.

Дел од работните задачи кои не можат да се извршуваат од дома, ќе се извршуваат со доаѓање на работа, почитувајќи ги мерките.

Контактите со странки треба да бидат сведени на минимум и да се применуваат мерките за заштита (соодветно растојание, употреба на маски, средства за дезинфекција и др.).

**Грижа за имотот, негово осигурување и мерки за тековно инвестициско одржување на објектите и имотот**
**Член16**

Грижата за имотот, неговото осигурување и мерките за тековно и инвестициско одржување на објектите и имотот на Универзитетот ќе се остваруваат во рамките на мерките.

**Други дејности**
**Член 17**

Другите дејности кои не можат да се реализираат со примена на средствата за електронска комуникација од член 3 од овој Правилник, се одложуваат до создавањето на услови за нивно нормално одвивање.

**Одлуки на единиците**
**Член 18**

Единиците ќе донесат одлука за доуредување на прашањата уредени со овој Правилник, како и за уредување на други прашања кои произлегуваат од дејноста на единицата.

Уредувањето и доуредувањето на прашањата од став 1 на овој член треба да се извршат со соодветна примена на одредбите утврдени со овој Правилник кои се однесуваат на начините на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и единиците во неговиот состав.

Во случај кога на единицата не постојат финансиски, технички и организациони услови, како и услови кои произлегуваат од расположливите човечки ресурси и наставничкиот и соработничкиот кадар за реализација на предавањата и другите наставни активности со примена на средствата за електронска комуникација, единицата има право на друг начин да ги уреди прашањата поврзани со реализацијата на наставата согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија, за што одлука донесува единицата.

**Важење на овој Правилник**
**Член 19**

Овој Правилник се применува додека траат мерките.

Во случај на воведување построги мерки, ќе се применуваат построгите мерки.

**Влегување во сила**
**Член 20**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Р е к т о р**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**